З А П И С Н И К
од Сто и десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 16 септември 2025 година

Скопје, септември 2025 година

З А П И С Н И К
од Сто и десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 16 септември 2025 година

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од Сто и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 септември 2025 година

- Усвојување на Записникот од Сто и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 септември 2025 година

- Усвојување на Записникот од Сто и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 септември 2025 година

- Усвојување на Записникот од Сто и дванаесттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 септември 2025 година

1. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

2. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија - Скопје - сметка за средства од Фондот (737) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија - Скопје - сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства за сопствени приходи (531)

3. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Државното правобранителство на Република Северна Македонија - сметка на основен буџет (637) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Државното правобранителство на Република Северна Македонија - сметка на основен буџет (631)

4. Конечен извештај за изршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот - сметка на основен буџет (637), Конечен извештај за изршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот - сметка на основен буџет (631) и Конечен извештај за изршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот - сметка на буџет на донации (785)

5. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската конвенција) со осврт кон специјализираните услуги за жени жртви на родово-базирано насилство и семејно насилство“

6. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефекти од јавните инвестиции во рамномерниот регионален развој“

7. Тарифник за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ, со Предлог – одлука

8. Информација за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со дополнување и со Предлог-одлука

9. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.11943/2 КО Центар 1) У бр.140/25

10. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (бр.03-412/1)

11. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-427/1)

12. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-407/1)

13. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-1258/1)

14. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Комисијата за заштита на конкуренција

15. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или траспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија)

16. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-423/1)

17. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-433/1)

18. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (бр.03-403/1)

19. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и дванаесетта одлука)

20. Информација за одземање на одобрение за основање на Приватната установа за социјална заштита на стари лица „Пеламед", Гостивар, со седиште на ул.„Мајор Чеде Филиповски" бр.31, Гостивар, со Предлог-одлука

21. Информација за инклузија на деца Роми во предучилишно образование за периодот 1.1.2025-30.6.2025 година

22. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата „Козле" - Скопје (кислородни концентратори и подвижни масички за хранење во болнички услови)

23. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање одобрение за основање на Приватно средно училиште „Средношколска академија за бизнис и администрација-САБА“ во Скопје

24. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (КО Центар 1)

25. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (КО Куманово)

26. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (КО Кочани)

27. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (КО Центар 1)

28. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (КО Кичево 4)

29. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (КО Струмица)

30. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

31. Предлог на закон за дополнување на Законот за данокот на добивка, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

32. Предлог на закон за дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

33. Предлог на закон за дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

34. Предлог на закон за дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

35. Предлог на закон за дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

36. Кадровски прашања

37. Прашања и предлози

38. Годишен извештај за имплеметација на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025)

39. Годишен извештај на Националната комисија за мало и лесно оружје за 2024 година

40. Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2024 година

41. Полугодишен извештај за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2025 година

42. Годишен извештај за работата на Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам во 2024 година

43. Финален извештај за сериозниот инцидент КИНСИВ 001/2024

44. Полугодишен извештај за работа на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, за периодот јануари – јуни 2025 година

45. Исправка на Годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за 2024 година

46. Годишен извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2023 година

47. Годишен извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2024 година

48. Информација за националната кампања „Македонско најдобро", со цел промоција и поттикнување на потрошувачката на земјоделско-прехранбените производи од домашно потекло

49. Информација во врска со Барањето за одобрување на Одлука за надоместок за услугата за вршење транспорт на нафтени деривати преку продуктовод, доставено од Претпријатието за нафтени цевоводи Солун-Скопје Вардакс АД – Подружница Вардакс, Скопје

50. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Универзитет Мајка Тереза во Скопје

51. Информација за подготовка на ажуриран придонес на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската комисија за 2025 година

52. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат-клуб на Трговското друштво „Дивиен" ДОО експорт-импорт Скопје за деловната просторија во Подружница Јегуновце на ул. „101" бр.3, Јегуновце

53. Информација за потребата од реформа во примарна здравствена заштита во Република Северна Македонија

54. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на 100 амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи

55. Информацијата за приклучување на Република Северна Македонија во Програмата EU4HEALTH 2021–2027

56. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка,

одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти

57. Информација за апликација на Министерството за здравство до Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF), со цел обезбедување на грант за модернизација и одржлив развој на ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември“ – Скопје

58. Информација за учеството на Делегацијата на Република Северна Македонија на 80. редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации, со Предлог-платформа

59. Предлог-одлука за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Република Либан

60. Предлог-одлука за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Соломонските Острови

61. Предлог-одлука за отворање Почесен конзулат на Република Србија во Република Северна Македонија, со седиште во Штип

62. Предлог-одлука за давање согласност за именување почесен конзул на Република Србија во Република Северна Македонија, со седиште во Штип

*
*        *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 септември 2025 година, Записникот од Сто и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 септември 2025 година, Записникот од Сто и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 септември 2025 година и Записникот од Сто и дванаесттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 септември 2025 година.

*
*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

<u>Точка 2</u>

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска

клиника за хематологија - Скопје - сметка за средства од Фондот (737) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија - Скопје - сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства за сопствени приходи (531), како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Јавната здравствена установа Univeritetска клиника за хематологија - Скопје, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 3

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Државното правобранителство на Република Северна Македонија - сметка на основен буџет (637) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Државното правобранителство на Република Северна Македонија (сметка на основен буџет (631), како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај  и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Исто така, Државното правобранителство на Република Северна Македонија да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Министерството за финансии.

Точка 4

Владата ги разгледа Конечниот извештај за изршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот - сметка на основен буџет (637), Конечниот извештај за изршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот - сметка на основен буџет (631) и Конечниот извештај за изршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот - сметка на буџет на донации (785), како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за култура и туризам, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 5

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската конвенција) со осврт кон специјализираните услуги за жени жртви на родово-базирано насилство и семејно насилство“, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжуваат Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Државниот завод за статистика, центрите за социјална работа и Јавната установа Завод за социјални дејности – Скопје, да подготват акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај и во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 6

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефекти од јавни инвестиции во рамномерниот регионален развој“, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжуваат Министерството за локална самоуправа, Министерството за животна средина и просторна планирање, Министерството за транспорт, Министерството за финансии и Бирото за регионален развој, да подготват акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 7

Владата го разгледа Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ, со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот за изменување на Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ.

Точка 8

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со дополнување и со Предлог-одлука, поради потребата Министерството за финансии да достави ново позитивно мислење по дополнувањето доставено кон Информацијата.

Точка 9

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.11943/2 КО Центар 1) У.бр.140/25.

Точка 10

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (бр.03-412/1), (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

Точка 11

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-427/1), усогласена со Секретаријатот за законодавство.

Точка 12

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-407/1), (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

Точка 13

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-1258/1) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 14

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Комисијата за заштита на конкуренција.

Точка 15

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или траспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија), имајќи предвид дека со изменувањата на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Владата не одлучува по овие материјали.

Точка 16

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-423/1), поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

Точка 17

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-433/1), поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

Точка 18

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (бр.03-403/1), поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Владата.

Точка 19

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и дванаесетта одлука) (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрението за основање на Приватната установа за социјална заштита  на стари лица  „Пеламед“, Гостивар, со седиште на ул.„Мајор Чеде Филиповски“ бр.31, Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одземање на одобрението за основање на Приватната установа за социјална заштита  на стари лица  „Пеламед“, Гостивар.

Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за инклузија на деца Роми во предучилишно образование за периодот 1.1.2025-30.6.2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на општините наведени во табелата 1, да ја разгледаат можноста за ослободување од партиципација на вкупно 330 деца Роми на возраст од 3 до 6 години за учебната 2025-2026 година, во рамки на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование“ и за преземената активност да го информираат Министерството за социјална политика, демографија и млади, најдоцна до 30 септември 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, најдоцна до 31 декември 2025 година, да ја информира Владата за напредокот на имплементацијата на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование“.

Точка 22

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата „Козле“ - Скопје (кислородни концентратори и подвижни масички за хранење во болнички услови).

Точка 23

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за давање одобрение за основање на Приватно средно училиште „Средношколска академија за бизнис и администрација-САБА“ во Скопје.

Точка 24

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (КО Центар 1).

Точка 25

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (КО Куманово).

Точка 26

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (КО Кочани).

Точка 27

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (КО Центар 1).

Точка 28

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (КО Кичево 4).

Точка 29

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (КО Струмица).

Точка 30

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Република Северна Македонија има воспоставено стабилен систем за социјална заштита кој што обезбедува достапен пристап до социјални права и услуги за сите граѓани на Република Северна Македонија, вклучително и на лицата со попреченост.

Постојниот Закон за социјалната заштита веќе има воспоставено механизми за проценка на потребите и распределба на помошта и истиот го уредува правото на материјална помош и поддршка, социјални услуги и други облици на помош за сите граѓани коишто се нашле во социјален ризик, вклучувајќи ги и лицата со попреченост и нивните семејства.

Согласно наведеното, се укажува дека предвидените мерки и форми на поддршка на лицата со попреченост се веќе системски обезбедени преку постојниот Закон за социјалната заштита.

Во врска со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, со кој се предлага зголемување на надоместоците и додатоците на социјално загрозените лица за 10%, 20%, 30% или 50% зависно од видот и тежината на попреченоста, со цел поголема социјална правичност, целосна и континуирана поддршка, спречување на сиромаштија кај ранливите категории и зајакнување на капацитетите за самостојно живеење и инклузија, се укажува дека предвидените мерки и форми на поддршка се веќе системски

обезбедени преку постојниот Закон за социјална заштита. Оттука, се смета дека натамошно посебно законско уредување не е неопходно, со оглед дека постојниот правен и институционален рамковен систем овозможува сеопфатна и еднаква поддршка за сите граѓани што се наоѓаат во состојба на социјален ризик, вклучително и лицата со попреченост.

Истовремено, Владата на Република Северна Македонија укажува дека предложениот закон ќе предизвика дополнителни фискални импликации, а за оваа намена не се предвидени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

Точка 31

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за данокот на добивка, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со горенаведениот Предлог на закон се предлага да се додаде нов член 42-б) во Законот, согласно кој за утврдување на оданочливиот доход, кај исплатувачот на доходот ќе се признаваат како расход и премиите уплатени за доброволно животно осигурување на вработените, под условите: осигуреното лице да е во работен однос кај обврзникот кој ја врши уплатата; максималниот износ на признат трошок за едно осигурено лице да не надминува 60.000 денари годишно; договорот за животно осигурување да предвидува минимален рок на важност од две години и исплатените премии да не се исплаќаат во готово или на сметка на вработениот, туку на сметка на работодавачот.

Во истиот е наведено дека целта поради која се предлага Законот е да се обезбеди намалување на даночната основа (преку признатите расходи), подобрување на работната мотивација и задоволството на вработените.

Имајќи предвид дека во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028) е предвидено враќање на даночните поволности на фирмите (признат расход) за уплатените премии за доброволно животно осигурување, со цел задржување и мотивација на вработените, Владата известува дека во наредниот период Министерството за финансии ќе предложи соодветна формулација на законското решение за остварување на наведената цел.

Со оглед на тоа дека во тек е анализата на состојбите во економијата со цел да се утврди периодот на отпочнување на примената на законското решение, Владата на Република Северна Македонија смета дека во моментов не е соодветно да се прифати носење на предложениот закон за дополнување на Законот за данокот на добивка, по скратена постапка.

Точка 32

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со доставениот Предлог на закон за дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, се предлага во Законот за акцизите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21, 57/22, 209/23 и 265/24), по членот 92 од Законот, да се додаде нов член 92-а, со кој ќе се пропише еден денар по литар од пропишаната акциза за гасно масло како погонско гориво, да се уплати во Министерството за спорт.

Целта на Предлогот на закон е да се обезбедат дополнителни извори на приходи за финансирање на спортските организации, клубови и федерации и за изградба, одржување и модернизација на спортската инфраструктура во државата.

Со Законот за акцизите се уредуваат акцизите за добрата подлежни на акциза во поглед на начинот на настанување, пресметување и плаќање на акцизите на акцизното подрачје на Република Северна Македонија, правата и обврските на акцизните обврзници и надлежниот царински орган во врска со акцизните добра, вклучувајќи ја постапката за надзор и следење на движењето на акцизните добра.

Имајќи го предвид претходно наведеното, висината на износ на дел од приходите наплатени од пропишана акциза за одредено акцизно добро подлежно на акциза, како и нивна уплата, е предмет на уредување во рамки на законот кој ја регулира, односно се однесува за областа/дејноста за која се предлага намената на предметното распределување на дел од приходите наплатени од пропишана акциза за одредено акцизно добро подложно на акциза, како и нивната уплата.

Дополнително, согласно Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22) од средствата остварени по сите основи од приредувањето на посебните игри на среќа се издвојуваат средства за финансирање на спортот, за спортските федерации и клубови. Исто така, приредувачите на игрите на среќа во обложувалница, на месечна основа, за финансирање на спортот плаќаат посебна давачка во висина од 3% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на сметка на Министерството за спорт, а приредувачите на игрите на среќа во автомат-клуб, на месечна основа, за финансирање на спортот плаќаат посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Министерството за спорт.

Согласно претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собанието на Република Северна Македонија да не го донесе Предлогот на закон за дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

<u>Точка 33</u>

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со горенаведениот Предлог на закон се предлага мајката која е во редовен работен однос и користела породилно отсуство, согласно Законот за работни односи, да има право на поврат на уплатениот данок на личен доход за определен период во зависност од бројот на родените деца, со цел поттикнување на наталитетот, поддршка на жените во нивната работна интеграција по породувањето, како и унапредување на семејните политики во Република Северна Македонија.

Во однос на предложеното решение се укажува дека во Законот за данокот на личен доход се употребува генералниот термин обврзник-физичко лице, додека категоријата „мајка“, „дете“ не е својствена за даночната политика, туку за демографската.

Во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028) се предвидува финансиска поддршка за мајките кои се вработени, по завршување на породилното

отсуство, односно поврат на данокот на личен доход (една година поврат на уплатен данок на личен доход за првородено дете; две години поврат на уплатен данок на личен доход за второродено дете и поврат на уплатен данок на личен доход за третородено и секое следно родено дете, кој ќе трае до полнолетството на првороденото дете).

Оттаму, од страна на Владата ќе се предложи законско решение со кое ќе се реализира мерката и ќе се утврди периодот на отпочнување на неговата примена и постапката за спроведување во пракса.

За истото е потребно сеопфатна анализа на состојбите во економијата, како и меѓуинституционална координација.

Имајќи предвид дека анализите на состојбите се во тек, како и фактот дека реализацијата на мерките предвидени во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија се однесува на периодот 2024 -2028 година, се смета дека во моментов не е соодветно да се прифати носење на предложениот закон за дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка.

Од друга страна, во наредиот период ќе се имплементираат мерките од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028), а кои се во интерес на општото добро на граѓаните, притоа следејќи го системскиот пристап за измена на законската регулатива.

Точка 34

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со горенаведениот Предлог на закон се предлага во членот 12 во став (1), да се додаде нова точка 32-а), согласно која нема да се плаќа данок на лични примања на вработеното лице за кое работниот однос е заснован кај работодавач од приватниот сектор, под услов претходно да било вработено во јавниот сектор, за период од 24 месеци од денот на склучување на договорот за вработување, согласно со условите, начинот и постапката пропишани со акт на Владата.

Во истиот е наведено дека целта поради која се предлага Законот е да се овозможи поттикнување на трансферот на вработени од јавен во приватен сектор преку ослободување од плаќање на данокот и придонеси за вработување на овие лица во рок од 24 месеци.

Во насока на подобрување на состојбата на пазарот на трудот, во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028) е предвидено дека ќе им се даде можност на лицата вработени во јавниот сектор полесно да најдат работа во приватниот сектор.

За постигнување на оваа цел, од страна на Владата ќе се прецизира: видот на мерките кои ќе се преземат, законското решение и периодот на отпочнување на нивната примена.

За истото е потребна сеопфатна анализа на состојбите во економијата како и меѓуинституционална координација.

Имајќи предвид дека анализите на состојбите се во тек како и фактот дека реализацијата на мерките предвидени во Програмата на Владата се однесува на периодот 2024 -2028 година, се смета дека во моментов не е соодветно да се прифати носење на предложениот Закон за дополнување на Законот за данокот на личен доход по скратена постапка.

Од друга страна, се известува дека Министерството за финансии во наредниот период ќе ги имплементира мерките од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028), за кои е надлежно, а кои се во интерес на општото добро на граѓаните, при тоа следејќи го системскиот пристап за измена на законската регулатива, поради што му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе законот.

Точка 35

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со горенаведениот Предлог на закон се предлага во членот 12 во ставот (1) од Законот, да се додаде нова точка 31-а), согласно која нема да се плаќа данок на личен доход на плати на вработените лица кај обврзникот кој по основ на вработување исплатен на физичко лице нерезидент на Република Северна Македонија, за период од најмалку 24 последователни месеци пред денот на засновање на вработувањето престојувало и остварувало доход во странство и се применува само за првото вработување на физичкото лице по неговото враќање во Република Северна Македонија.

Во истиот е наведено дека целта поради која се предлага Законот е воведување на стимулирачки мерки за физички лица државјани на Република Северна Македонија, кои по определен престој и професинален ангажман во странство се враќаат во татковината и активно се вклучуваат во економскиот живот преку вработување или отпочнување на самостојна дејност.

Во Програмата на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028), се предвидува фирмите да бидат ослободени од плаќање на данок на личен доход за период од една година за сите лица кои најмалку една година живееле во странство, а ќе се вратат да живеат во Македонија.

Оттаму, од страна на Владата на Република Северна Македонија, ќе се утврди со кое законското решение ќе се постигне оваа цел, кои ќе бидат условите кои треба да се исполнат за користење на ослободувањето како и временската рамка на примената на истото.

Исто така, потребна е сеопфатна анализа на состојбите во економијата како и меѓуинституционална координација.

Имајќи предвид, дека анализите на состојбите се во тек како и фактот дека реализацијата на мерките предвидени во Програмата на Владата се однесува на периодот 2024 -2028 година, Владата на Република Северна Македонија смета дека во моментов не е соодветно да се прифати носење на предложениот закон за дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

Од друга страна, Владата известува дека Министерството за финансии во наредниот период ќе ги имплементира мерките од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028), за кои е надлежно, а кои се во интерес на општото добро на граѓаните, притоа следејќи го системскиот пристап за измена на законската регулатива, поради што му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе законот.

Точка 36

По однос на оваа точка немаше предлози.

Точка 37

1. Владата ја разгледа и усвои Информацијата во врска со статусот на Проектот за градење ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии.

2. Владата заклучи Предлогот за изменување и назначување на член на Владата одговорен за следење на спроведувањето на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, да се разгледа на наредната седница на Владата во присуство на проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 38

Владата го разгледа Годишниот извештај за имплеметација на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025), како материјал за информирање.

Точка 39

Владата го разгледа Годишниот извештај на Националната комисија за мало и лесно оружје за 2024 година, како материјал за информирање.

Точка 40

Владата го разгледа Годишниот извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2024 година, како материјал за информирање.

Точка 41

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 42

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам во 2024 година, како материјал за информирање.

Точка 43

Владата го разгледа Финалниот извештај за сериозниот инцидент КИНСИВ 001/2024, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, по доставувањето на одговор од страна на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје и Агенцијата за цивилно воздухопловство, за преземените мерки и активности во врска со препораките дадени од страна на Комитетот содржани во Финалниот извештај, во најбрз можен рок да ја информира Владата за истото.

Точка 44

Владата го разгледа и го усвои Полугодишниот извештај за работа на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, за периодот јануари – јуни 2025 година.

Точка 45

Владата ја разгледа Исправката на Годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за 2024 година, како материјал за информирање.

Точка 46

Владата го одложи разгледувањето на Годишниот извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2023 година, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

Точка 47

Владата го одложи разгледувањето на Годишниот извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2024 година, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

Точка 48

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за националната кампања „Македонско најдобро“, со цел промоција и поттикнување на потрошувачката на земјоделско-прехранбените производи од домашно потекло, за наредната седница на Владата.

Точка 49

Владата на барање на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата во врска со барањето за одобрување на Одлука за надоместок за услугата за вршење транспорт на нафтени деривати преку продуктовод, доставено од Претпријатието за нафтени цевоводи Солун-Скопје Вардакс АД – Подружница Вардакс, Скопје.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

Точка 50

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Универзитет Мајка Тереза во Скопје и ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Универзитет Мајка Тереза во Скопје, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на ажуриран придонес на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската комисија за 2025 година, ја усвои и го задолжи Министерството за европски прашања да го достави ажурираниот придонес до Европската комисија, на англиски јазик, најдоцна до 19 септември 2025 година.

Точка 52

Владата ја разгледа Предлог - лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат-клуб на Трговското друштво „Дивиен“ ДОО експорт-импорт Скопје за деловната просторија во Подружница Јегуновце на ул. „101“ бр.3, Јегуновце и ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат-клуб.

Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од реформа во примарна здравствена заштита во Република Северна Македонија и заклучи предлог -заклучоците да се усогласат со Секретаријатот за законодавство.

Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на 100 амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи и ја усвои со предложените заклучоци, доколку Министерството за финансии достави (позитивно) мислење.

Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за приклучување на Република Северна Македонија во Програмата EU4HEALTH 2021–2027 и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се задолжува Министерството за здравство во координација со Министерството за европски прашања, да испрати писмо за изразување на интерес за приклучување на Република Северна Македонија во Програмата „EU4Health 2021–2027“, во рок од 10 дена.

2. Се задолжува Министерството за здравство по завршување на преговорите, до Владата да достави информација и нацрт - договор помеѓу Европската Унија, од една страна и Република Северна Македонија, од друга страна, за приклучување на Република Северна Македонија во Програмата „EU4Health 2021–2027“.

Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка, одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти и условно ја усвои, доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење по истата.

Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата за апликација на Министерството за здравство до Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF), со цел обезбедување на грант за модернизација и одржлив развој на ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември“ – Скопје, ја усвои и го задолжи Министерството за европски прашања веднаш по добивање на Писмото за поддршка од Министерството за финансии и позитивното Мислење од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, да ја поднесе WBIF апликацијата за грант, со цел обезбедување на грант за модернизација и одржлив развој на ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември“ - Скопје.

Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на Делегацијата на Република Северна Македонија на 80. редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации, со Предлог-платформа, ја усвои и ја прифати Платформата за учеството на Делегацијата на Република Северна Македонија на 80. редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации.

Точка 59

Владата ја донесе Одлуката за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Република Либан.

Точка 60

Владата ја донесе Одлуката за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Соломонските Острови.

Точка 61

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за отворање Почесен конзулат на Република Србија во Република Северна Македонија, со седиште во Штип и ја донесе Одлуката за отворање Почесен конзулат на Република Србија во Република Северна Македонија, со седиште во Штип, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 62

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање согласност за именување почесен конзул на Република Србија во Република Северна Македонија, со седиште во Штип и ја донесе Одлуката за давање согласност за именување почесен конзул на Република Србија во Република Северна Македонија, со седиште во Штип, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13 часот.